Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02), член 14 став (1) точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен Гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), а во врска со член 110 став (2) од Законот за заштита и спасување („Службен Весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 12 став (1) од Уредбата за начинот на пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјална обврска („Службен Весник на Република Македонија" бр.18/06), член 2 од Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Службен Весник на Република Македонија" бр. 124/06) и член 3 од Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Крива Паланка бр. 07-2512/7 од 28.06.2010 година („Службен Гласник на Општина Крива Паланка" бр.07/2010), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 25.02.2022 година донесе

## ОДЛУКА
## За именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Крива Паланка

### Член 1

- За **Командант** на Штабот за заштита и спасување на општината Крива Паланка се именува Изабела Павловска од Крива Паланка.

-За **Заменик Командант** на Штабот за заштита и спасување на општината Крива Паланка се именува Антонио Давитковски од Крива Паланка.

- За **Началник** на Штабот за заштита и спасување на општината Крива Паланка се именува Стојадин Гоговски од Крива Паланка.

- За **Заменик Началник** на Штабот за заштита и спасување на општината Крива Паланка се именува Даниела Велковска од Крива Паланка.

- За **помошник на Началникот за оперативни работи** се именува Игор Додевски од Крива Паланка.

- За **помошник на Началникот за прва медицинска помош** се именува Бранко Стаменковски од Крива Паланка.

- За **помошник на Началникот за згрижување и евакуација** се именува Бранко Тодоровски од Крива Паланка.

- За **помошник на Началникот за заштита и спасување од пожари** се именува Иле Коцевски од Крива Паланка.

- За **помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави** се именува Никола Граматиков од Крива Паланка.

**Помошен персонал:**

- Виктор Петровски, извршител – администратор;

- Зоран Георгиевски извршител – курир / возач;

- Тони Ангеловски, извршител – курир / возач.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи одлуката бр.09-2653/43 од 14.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.14/2017).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Крива Паланка".

**Бр..................**

**................година**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател**

**Изабела Павловска, с.р.**